

# КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ИЗДАНИЕ БР.42, МЕСЕЦ
СЕПТЕМВРИ, ОКТОМВРИ И НОЕМВРИ 2022

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



УРЕДУВАЊЕ НА ПАРК СО ГУМЕНА ПОДЛОГА И ОГРАДУВАЊЕ, НА КОЈА ЌЕ БИДАТ ПОСТАВЕНИ РЕПАРИРАНИ И НОВИ ДЕТСКИ РЕКВИЗИТИ, НА ПОВРШИНА ОД 100 М2 НА УЛИЦАТА КАЛНИЦА. ИЗВЕДУВАЧ Е БЕТОН ГРУП, А ИНВЕСТИЦИЈАТА ЧИНИ 840.000 ДЕНАРИ.

БЕТОНИРАЊЕ НА ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО НАСЕЛБА КРСТЕ МИСИРКОВ (КАЈ ЗАВОД ЗА ВРАБОТУВАЊЕ) НА ПОВРШИНА ОД 160 М2, СО ГУМЕНА ПОДЛОГА НА КОЈА ЌЕ БИДАТ ПОСТАВЕНИ НОВИ И РЕПАРИРАНИ ДЕТСКИ РЕКВИЗИТИ. ИЗВЕДУВАЧ Е БЕТОН ГРУП, А ИНВЕСТИЦИЈАТА Е 760.000 ДЕНАРИ.






ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВИ СООБРАЌАЈНИ ЗНАЦИ НА УЛИЦИТЕ „БРАЌА ЏУНОВИ" И „ИЛИНДЕНСКА".

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

БЕТОНИРАЊЕ НА ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО СЕЛО БЕГНИШТЕ НА ПОВРШИНА ОД 100 М2, СО СПЕЦИЈАЛНА ГУМЕНА ПОДЛОГА НА КОЈА ЌЕ БИДАТ ПОСТАВЕНИ НОВИ ДЕТСКИ РЕКВИЗИТИ И УРБАНА ОПРЕМА (КЛУПИ И КОРПИ) ИЗВЕДУВАЧ Е БЕТОН ГРУП.



БЕТОНИРАЊЕ НА ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО НАСЕЛБА СТРАШО ПИНЏУР НА ПОВРШИНА ОД 470 М2. ВРЗ БЕТОНСКАТА ПОДЛОГА ЌЕ СЕ СТАВИ ГУМЕНА ПОДЛОГА, НА КОЈА ЌЕ СЕ ПОСТАВАТ ДЕТСКИ РЕКВИЗИТИ, А НА ОСТАНАТИОТ ДЕЛ КОЈ СЕ ПОПЛОЧИ СО ПАВЕР ЕЛЕМЕНТИ, НА ПОВРШИНА ОД 208 М2, ЌЕ СЕ ПОСТАВАТ ЕЛЕМЕНТИ НА УРБАНА ОПРЕМА, ОДНОСНО КЛУПИ ЗА СЕДЕЊЕ. ИЗВЕДУВАЧ Е БЕТОН ГРУП МИМ ДООЕЛ КАВАДАРЦИ. ВРЕДНОСТА Е 2.153.340 ДЕНАРИ.



РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ИГРАЛИШТЕТО НА СПОРТСКИОТ ЦЕНТАР ЈАСМИН КОЈА ОПФАЌАШЕ КОМПЛЕТНО НОВ СИСТЕМ ЗА НАВОДНУВАЊЕ, ПРЕРАБОТКА НА ЗЕМЈИШТЕТО СО ПЕСОК И ХУМУС ЗА ПОТОА ДА СЕ ПРИСТАПИ СО ПОСЕЈУВАЊЕ НА ТРЕВА.

РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДЕТСКОТО ИГРАЛИШТЕ НА БУЛЕВАР НИКОЛА МИНЧЕВ (КАЈ ФОНТАНА НА ВИНОТО) НА КОЕ ЌЕ СЕ ПОСТАВАТ НОВИ ДЕТСКИ РЕКВИЗИТИ, ЌЕ СЕ РЕПАРИРААТ ПОСТОЕЧКИТЕ, ЌЕ СЕ ПОСТАВИ ГУМЕНА ПОДЛОГА, ЌЕ СЕ ОЗЕЛЕНИ И ПОСТАВИ НОВА УРБАНА ОПРЕМА.
ИЗВЕДУВАЧ Е ГРАДБА ПРОМЕТ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ВО ПРЕСРЕТ НА МЕЃУНАРОДЕН ЏЕЗ ФЕСТИВАЛ КОЈ СЕ ОДРЖА НА ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД ВО КАВАДАРЦИ, ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ИМАШЕ СРЕДБА СО МУЗИЧАРИТЕ ВАСИЛ ХАЏИМАНОВ, ЈУРЕ ПУКЛ И АЛЕКСАНДАР ПЕТРОВ.

ПОКРАЈ КОНЦЕРТОТ КОЈ ЌЕ СЕ ОДРЖИ ВЕЧЕРВА, СЕ РАЗГОВАРАШЕ И ЗА ОТВАРАЊЕ НА СПОМЕН СОБА ВО ЧЕСТ НА ЗАФИР ХАЏИМАНОВ, МОНОГРАФИЈАТА И МУЗИЧКИТЕ ЗАПИСИ, СЕ СО ЦЕЛ ДА СЕ ЗАЧУВА НЕГОВОТО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО.



ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ЗАЕДНО СО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОВЕТОТ Д-Р СТОЈАНЧЕ РАМОВ ИМАШЕ СРЕДБА СО ПРЕТСТАВНИЦИ ОД СРБИЈА, ТУРЦИЈА, ПОРТУГАЛИЈА И РОМАНИЈА, ПРЕКУ ЕРАЗМУС ПЛУС ПРОГРАМАТА, ПОД КООРДИНАТОРСТВО НА ЗОРИЦА МИЛКОВА ЗАЕДНО СО ДИРЕКТОРОТ НА О.О.У „ТОШО ВЕЛКОВ ПЕПЕТО". ИСТИТЕ СЕ ЗАПОЗНАА СО РАБОТАТА НА ОПШТИНАТА, НАДЛЕЖНОСТИТЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ И ДОСТАВИЈА ПРЕДЛОГ ДО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА ЗБРАТИМУВАЊЕ СО ОПШТИНА РОШИОРИ ДЕ ВЕДЕ ОД РОМАНИЈА, А ДОДЕКА ИСТОВРЕМЕНО УЧИЛИШТЕТО ЌЕ СЕ ПОБРАТИМИ СО УЧИЛИШТЕТО МИХАИ ЕМИНЕСКУ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

НА НОВО ВОПРОБИЕНИОТ ПАТ КОЈ ГО СПОЈУВА ЗАПАДЕН БУЛЕВАР ОД КАВАДАРЕЧКИ ДО ЖЕЛКОВ ДОЛ ВО ДОЛЖИНА ОД 600 МЕТРИ, СЕ ПОСТАВУВАА ИВИЧЊАЦИ И СЕ ИЗРАБОТУВААТ ШАХТИ НА КОЛОВОЗОТ ОД 3,5 МЕТРИ ЗА СЕКОЈА КОЛОВОЗНА ЛЕНТА КАДЕ ПРЕТХОДНО БЕШЕ ПОСТАВЕНА ВОДОВОДНА, ФЕКАЛНА И АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА. ИЗВЕДУВАЧ Е ГРАДБА ПРОМЕТ.



КОМПЛЕТНО СЕ АСФАЛТИРАШЕ УЛ. „ВАРДАРСКА" И РОВОТ НА ДЕЛ ОД УЛ. „ШИШКА". НА ОВАА УЛИЦА ПРЕТХОДНО СЕ ПОСТАВИ АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА. ОВОЈ ПРОЕКТ Е ДЕЛ ОД ГРАНТ ДОДЕЛЕН НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ОД ГЕРМАНСКАТА БАНКА ЗА РАЗВОЈ КФВ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ОД СТРАНА НА СОЈУЗНА РЕПУБЛИКА ГЕРМАНИЈА, ЗАСТАПУВАНА ОД ЗАМЕНИК АМБАСАДОРОТ Г-ДИН ОТО ГРАФ, ДОБРОВОЛНИТЕ ПРОТИВПОЖАРНИ ДРУШТВА „САШКО ГЕШКОВСКИ" ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, И „ПОВАРДАРЕЦ" ОД ОПШТИНА НЕГОТИНО, ДОБИЈА ЗАШТИТНА ПРОТИВПОЖАРНА ОПРЕМА. СТАНУВА ЗБОР ЗА 50 ПРОТИВПОЖАРНИ ОДЕЛА ЗА ЧИЈА НАБАВКА ОД СТРАНА НА АМАБАСАДАТА НА ГЕРМАНИЈА ВО СКОПЈЕ БЕА ИЗДВОЕНИ СРЕДСТВА ВО ВИСИНА ОД 737.972 ДЕНАРИ.

ОВОЈ ПРОЕКТ ИМА ЗА ЦЕЛ ДА ГИ ПОДИГНЕ КАПАЦИТЕТИТЕ НА ДОБРОВОЛНИТЕ ПРОТИВПОЖАРНИ ДРУШТВА ПРЕКУ ПОДИГНУВАЊЕ НА НИВОТО НА ОПРЕМА И ПОДГОТВЕНОСТ НА ОВИЕ ЗДРУЖЕНИЈА ЗА ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА ПОЖАРИ И ДРУГИ КРИЗНИ СОСТОЈБИ.

ГОЛЕМА БЛАГОДАРНОСТ ЗА ОВАА ДОНАЦИЈА КОЈА ЗА НАС Е ОД ГОЛЕМО ЗНАЧЕЊЕ, И СЕКАКО СЕ НАДЕВАМ ДЕКА И ВО ИДНИНА ЌЕ ПРОДОЛЖИМЕ КОНТИНУИРАНО ДА СОРАБОТУВАМЕ СЕ СО ЦЕЛ РАЗВОЈ НА ОПШТИНАТА.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПОПЛОЧУВАЊЕ НА КРАК НА УЛ. 27 МАРТ ВО НАСЕЛБАТА ГЛИШИЌ, ВО СКЛОП НА ДОГОВОРОТ КОЈ ОПФАЌА НЕКОЛКУ УЛИЦИ ВО ГЛИШИЌ, КОИ ЌЕ СЕ РАБОТАТ ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД. ИЗВЕДУВАЧ Е ПАВЕР ТРЕЈД.



ПОДГОТОВКИ ЗА АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛ. „ДОМОВИЦА" НА ПОВРШИНА ОД 3100 М2, КАДЕ ДОПОЛНИТЕЛНО ЌЕ СЕ ПОСТАВИ И АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА НА ПОТЕГ ОД 200 МЕТРИ КВАДРАТНИ. ИСТОВРЕМЕНО ЌЕ СЕ ИЗГРАДИ И УЛИЦА „14" НА ПОВРШИНА ОД 1500 МЕТРИ КВАДРАТНИ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО ДОЛЖИНА ОД 100 М НА УЛ. „ДИМЕ АТАНАСОВ".СО ОВА ЌЕ БИДЕ РЕШЕН ДОЛГОГОДИШНИОТ ПРОБЛЕМ СО КАНАЛИЗАЦИЈАТА НА ГРАЃАНИТЕ КОИ ЖИВЕАТ ОВДЕ.



ТРОТОАР И ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ ОКОЛУ ЗГРАДИТЕ НА БУЛЕВАР ,
,МАКЕДОНИЈА".
ИЗВЕДУВАЧ Е ПАВЕР ТРЕЈД.

НАШИТЕ НАЈМАЛИ, СЕ НАШИТЕ НАЈМИЛИ!
ПО ПОВОД ДЕТСКАТА НЕДЕЛА, ПОД МОТОТО „ДРУГАРСТВОТО Е ДЕЛ ОД ДЕТСКАТА СРЕЌА" ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ НА СРЕДБА СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ, БЕА ДЕЧИЊАТА ОД ЈОУДГ РАДА ПОЦЕВА, ОБЈЕКТ „СНЕЖАНА" ПРИДРУЖУВАНИ ОД ДЕЛ ОД ВОСПИТНО - ЗГРИЖУВАЧКИОТ КАДАР.
ДЕЧИЊАТА МУ ГИ ПРЕЗЕНТИРАА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ДЕТСКИТЕ ПРАВА И ОБВРСКИ, ПРЕКУ ИНТЕРАКТИВНИ РАЧНО ИЗРАБОТЕНИ ПОРАКИ, И СЕ ЗАПОЗНАА СО КАБИНЕТОТ И РАБОТАТА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ И ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА.
ВО РАМКИТЕ НА ОВАА НЕДЕЛА СЕКОЈ ДЕН ЌЕ ИМА АКТИВНОСТИ ПРОСЛЕДЕНИ СО МУЗИКА, ХУМАНИТАРНА АКЦИЈА, МУЗИЧКА ТОЧКА НА ГРАДСКИ ПЛОШТАД, И СПОРТСКИ ДЕН.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ТРОТОАРИ НА УЛ. „ЦРНОРЕЧКА".
ИЗВЕДУВАЧ Е ГРАДБА ПРОМЕТ.





РАЗУБАВУВАЊЕТО НА ЗГРАДИТЕ ВО КАВАДАРЦИ ПРОДОЛЖУВА...
РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФАСАДИ НА СТАНБЕНИ ЗГРАДИ НА УЛ. „БЛАЖО АЛЕКСОВ" БР 63.
ИЗВЕДУВАЧ Е АВТОМАТСКО ТЕХНОЛОШКИ СИСТЕМИ ДООЕЛ ОД СКОПЈЕ.

ПО ЗАВРШУВАЊЕТО НА ПРОЕКТОТ ЗА ГЛАВНАТА ВОДОВОДНА ЛИНИЈА ВО НАСЕЛБА БРУШАНИ ВО ДОЛЖИНА ОД 4,755 МЕТРИ ПРИМАРНА МРЕЖА И СЕКУНДАРНА МРЕЖА ВО ДОЛЖИНА ОД 10,627 МЕТРИ ПРЕКУ ТАВ КАКО ГРАНТ ЗА ОПШТИНАТА, СЕ ПРИСТАПУВА КОН ПРИКЛУЧОЦИ ЗА СИТЕ ВИКЕНД КУЌИ ОД НАСЕЛБА БРУШАНИ. ДВЕТЕ ФАЗИ ОД ПРОЕКТОТ СЕ РЕАЛИЗИРАНИ, А ТРЕТАТА ФАЗА ЌЕ БИДЕ ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНАТА И СО ТОА КОМПЛЕТНО ЦЕЛА НАСЕЛБА БРУШАНИ ЌЕ БИДЕ ПОКРИЕНА СО ВОДОВОДНА ЛИНИЈА.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ НА БУЛЕВАР „ВЕЉКО ВЛАХОВИЌ" НА КОЕ ЌЕ СЕ ПОСТАВАТ НОВИ ДЕТСКИ РЕКВИЗИТИ, РЕПАРИРААТ ПОСТОЕЧКИТЕ, ЌЕ СЕ ПОСТАВИ ГУМЕНА ПОДЛОГА, НОВА УРБАНА ОПРЕМА И ИСТОТО ЌЕ СЕ ОЗЕЛЕНИ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ГРАДБА ПРОМЕТ .



ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ НА ПОВРШИНА ОД 420М2, НОВИ СКАЛНИЦИ И ЅИДОВИ ОД ДЕКОРАТИВЕН БЛОК, ЗА КОМПЛЕТНО ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА НОВИОТ ПАРК КАЈ СПОМЕНИК КИРО КРСТЕВ. ЦЕЛОСНА ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ВИСИНА ОД 1.600.000 ДЕН СО ДДВ.ИЗВЕДУВАЧ Е ГРАДБА ПРОМЕТ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ВО ЗАПАДНИОТ ДЕЛ НА ГРАДСКИ ПАРК„ЉУПЧО ШКАРТОВ“ ЦЕЛОСНО СЕ ИЗВРШИ ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДУВАЊЕ.СЕ ПОСАДИЈА РАЗЛИЧНИ ВИДОВИ НА СТЕБЛЕСТИ РАСТЕНИЈА, ЦВЕТНИ ГРМУШКИ, ЦВЕТОВИ НА КОЈ Е ПОСТАВЕН СИСТЕМ ЗА НАВОДУВАЊЕ, ПРОШИРУВАЊЕ НА ПАТЕКАТА, МЕСТО КАДЕ ШТО ИМА ДОБАР ПОГЛЕД КОН САМИОТ ГРАД.УРЕДУВАЊЕТО НА ПАРКОТ Е ИЗВРШЕНО ОД СТРАНА НА„ ГРАДБА ПРОМЕТ“, А СРЕДСТВАТА СЕ ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.







РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО НАСЕЛБА „КОЧО РАЦИН" НА КОЕ ЌЕ СЕ ПОСТАВАТ НОВИ ДЕТСКИ РЕКВИЗИТИ, ЌЕ СЕ РЕПАРИРААТ ПОСТОЕЧКИТЕ, ЌЕ СЕ ПОСТАВИ ГУМЕНА ПОДЛОГА, НОВА УРБАНА ОПРЕМА И ОГРАДИ, И ЌЕ СЕ ОЗЕЛЕНИ.ИЗВЕДУВАЧ Е ГРАДБА ПРОМЕТ.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

КАВАДАРЦИ ЈА ИМА СВОЈАТА ИДНИНА! ЗДРАВА, СРЕЌНА И НАСМЕАНА
НА ГРАДСКИ ПЛОШТАД, ДЕЧИЊАТА ОД ЈОУДГ „РАДА ПОЦЕВА" ПОКАЖАА ДЕКА НЕ ТРЕБА МНОГУ ЗА ДА БИДЕМЕ СРЕЌНИ.
СО СРЕЌА ДЕТСКАТА НЕДЕЛА ПОД МОТОТО „ДРУГАРСТВО-ТО Е ДЕЛ ОД ДЕТСКАТА СРЕЌА".





КОМПЛЕТНО АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦАТА „7-МИ СЕПТЕМВРИ" ВО ДВА СЛОЈА, КАДЕ ПРЕТХОДНО СЕ РЕКОНСТРУИРАШЕ ВОДОВОДНАТА ЛИНИЈА КАКО И АТМОСФЕРСКАТА И ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА КОЕ Е ВО СКЛОП НА ПРОЕКТОТ ОД ГЕРМАНСКАТА КФВ БАНКА, ВО СОРАБОТКА СО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ЈП КОМУНАЛЕЦ.
ИЗВЕДУВАЧ Е ФИРМАТА ЖИКОЛ.

СЕ АСФАЛТИРА ПАТОТ ЗА СЕЛО ДРЕНОВО, ОД КЛУЧКАТА ДО СЕЛОТО, ВО ДОЛЖИНА ОД 2.900 МЕТРИ И ШИРИНА ОД 5 МЕТРИ.
СРЕДСТВАТА СЕ ОБЕЗБЕДЕНИ ОД ТАВ ПРОГРАМАТА, А ПОДИЗВЕДУВАЧ Е ГРАДБА ПРОМЕТ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

АСФАЛТИРАЊЕТО НА ПАМТРАК ПАТЕКАТА НА ПОВРШИНА ОД 850М/2 Е ВО ЗАВРШНА ФАЗА, ПО ШТО СЛЕДУВА УРЕДУВАЊЕ НА ОСТАНАТИТЕ ПОВРШИНИ, ОДНОСНО ВГРАДУВАЊЕ НА СЛОЈ ОД ХУМУС И ПОСАДУВАЊЕ НА ТРЕВА. ИЗВЕДУВАЧ Е ИЗОЛАЦИЈА ДОО СКОПЈЕ.





ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, НА ПРИЕМ КАЈ ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ БЕШЕ ПРОЕКТНИОТ ТИМ НА ЕКО ЖИВОТ КАВАДАРЦИ, КОЈ ГИ ПРЕЗЕНТИРАШЕ МЕРКИТЕ И ПРОЕКТИТЕ ЗА ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА СПРОВЕДЕНИ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ВО РАМКИ НА ОБУКАТА „CREATING IDEAS FOR UNNECESSARY – GREEN ENERGY".

ОБУКАТА ЌЕ ТРАЕ ОД 10-14 ОКТОМВРИ ВО КАВАДАРЦИ КАДЕ ДОМАЌИН Е ЕКО-ЖИВОТ И ЕДЕН ДЕН ВО СКОПЈЕ (СРЕДА) КАДЕ ДОМАЌИН Е ОПШТИНА ЧАИР, СО ВКУПНО 20 УЧЕСНИЦИ ОД МАКЕДОНИЈА, СЛОВАЧКА,ТУРЦИЈА И РОМАНИЈА.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДЕТСКОТО ИГРАЛИШТЕ ВО ГРАДСКИ ПАРК КАВАДАРЦИ СО НОВА ПОДЛОГА И КОМПЛЕТНО НОВИ РЕКВИЗИТИ. ИСТО ТАКА, ЗА ПРВПАТ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЌЕ ДОБИЕ И ПАРК ЗА МИЛЕНИЦИ НА КОЈ ЌЕ БИДАТ ПОСТАВЕНИ РЕКВИЗИТИ И СОДРЖИНИ ЗА МИЛЕНИЦИТЕ, КАКО И СООДВЕТНА УРБАНА ОПРЕМА. СО ИЗГРАДБАТА НА ОВОЈ ПАРК, ЌЕ ИМ СЕ ИЗЛЕЗЕ ВО ПРЕСРЕТ НА СОПСТВЕНИЦИТЕ НА ДОМАШНИ МИЛЕНИЦИ, СОЗДАВАЈЌИ СООДВЕТНИ УСЛОВИ ЗА НИВНА РЕКРЕАЦИЈА.



ИЗГРАДБА НА ПОТПОРЕН ЅИД НА УЛ. „25 МАЈ" ВО ДОЛЖИНА ОД 30 МЕТРИ И СО ВИСИНА ОД 3 МЕТРИ. ИЗВЕДУВАЧ Е БЕТОН ГРУП КАВАДАРЦИ.





АСФАЛТИРАЊЕ НА ПОВЕЌЕ УЛИЦИ ВО СЕЛО СОПОТ НА ПОВРШИНА ОД 1600М2. ИЗВЕДУВАЧ Е ЕВРО ГРАДБА ОД СТРУМИЦА.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

Обележување на паркинг места на ул. „7-ми Септември" по претходно целосна реконструкција и асфалтирање на истата.



ПОДГОТОВКИ ЗА ТАМПОНИРАЊЕ НА ПАТОТ ДО ЦРКВАТА „СВ. ПЕТКА" ВО СЕЛО ДАБНИШТЕ. ОВА ЌЕ БИДЕ ДОНАЦИЈА ОД ФИРМИТЕ ГРАДБА ПРОМЕТ И ЈА-МИ.





Изградба на парк за миленици!
За првпат Општина Кавадарци ќе добие и парк за миленици на кој ќе бидат поставени реквизити и содржини за милениците, како и соодветна урбана опрема. Со изградбата на овој парк, ќе им се излезе во пресрет на сопствениците на домашни миленици, создавајќи соодветни услови за нивна рекреација.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПОСТАВУВАЊЕ НА ГУМЕНА ПОДЛОГА НА ДЕТСКОТО ИГРАЛИШТЕ ВО НАСЕЛБА КРСТЕ МИСИРКОВ (КАЈ ЗАВОД ЗА ВРАБОТУВАЊЕ) НА ПОВРШИНА ОД 160 М2, НА КОЈА ЌЕ БИДАТ ПОСТАВЕНИ НОВИ И РЕПАРИРАНИ ДЕТСКИ РЕКВИЗИТИ. ИЗВЕДУВАЧ Е БЕТОН ГРУП, А ИНВЕСТИЦИЈАТА Е 760.000 ДЕНАРИ.



АСФАЛТИРАЊЕ НА ВТОРАТА ФАЗА ОД ЗАПАДЕН БУЛЕВАР (КОЊСКИ ДУПКИ), НА ВКУПНА ПОВРШИНА ОД 4700 М2, ПОПЛОЧУВАЊЕ ОД 1900 М2 И КОМПЛЕТНО ОСВЕТЛУВАЊЕ. ДА ПОТСЕТИМЕ ДЕКА ПРЕТХОДНО БЕШЕ ПОСТАВЕНА ВОДОВОДНА, ФЕКАЛНА И АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА.
ИЗВЕДУВАЧ Е ГРАДБА ПРОМЕТ .





ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗАПОЧНА СО КОМПЛЕТНО ЧИСТЕЊЕ ОД МИЛ И ПЕСОК НА БРАНАТА МОКЛИШТЕ. ЗА ТАА ЦЕЛ СО ДОНАЦИЈА СЕ АНГАЖИРАНИ ФИРМИТЕ, ЈА - МИ СО ЧЕТИРИ КАМИОНИ, ДВА КАМИОНИ ОД АНЕЛ МАГ, ЕДЕН КАМИОН ОД АС МАШИНИ, ЕДЕН КАМИОН ОД 3-ТРАНСПОРТ, МАШИНА УТОВАРНА ОД ГРАДБА ПРОМЕТ, ЅИКО КОП СО БАГЕР И ХИДРО БОШАВА СО ДОНАЦИЈА НА ГОРИВО.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

НА ИНИЦИЈАТИВА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ И ДИРЕКТОРКАТА НА О.О.У „СТРАШО ПИНЏУР" КАВАДАРЦИ, ДЕНЕСКА СЕ ЗАПОЧНА СО АСФАЛТИРАЊЕ НА НАДВОРЕШНО ИГРАЛИШТЕ ВО ДВОРОТ НА УЧИЛИШТЕТО КОЕ Е НАМЕНЕТО ЗА ФУДБАЛ, КОШАРКА И СКОК ВО ДАЛЕЧИНА. ПО АСФАЛТИРАЊЕТО ЌЕ СЕ ПРИСТАПИ СО ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ОСТАНАТИОТ ПАРТЕР ВО УЧИЛИШТЕТО.
ИНВЕСТИЦИЈАТА Е НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ВО ИЗНОС ОД 5.000.000 ДЕНАРИ, А ИЗВЕДУВАЧ Е ПАВЕР ТРЕЈД





ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ НА НОВОТО ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО НАСЕЛБА „КОЧО РАЦИН"
ИЗВЕДУВАЧ Е ГРАДБА ПРОМЕТ.

РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КАНАЛИЗАЦИОНА ЛИНИЈА И ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА СО ЦЕВКИ Ф 315 ВО ДОЛЖИНА ОД 200 МЕТРИ НА СЕВЕРЕН БУЛЕВАР ОД УЛ. „ЃОРЃИ СОКОЛОВ".
ИНВЕСТИЦИЈА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ.





АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛ. „41 ДИВИЗИЈА" И ДЕЛ ОД „ЦРНОРЕЧКА" КАДЕ ПРЕТХОДНО БЕШЕ РЕКОНСТРУИРАНА ВОДОВОДНАТА ЛИНИЈА И ФЕКАЛНАТА КАНАЛИЗАЦИЈА. ИЗВЕДУВАЧ Е ГРАДБА ПРОМЕТ, А ИНВЕСТИЦИЈАТА Е НА ЈП КОМУНАЛЕЦ И ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ПРОТИВПОЖАРНАТА ЕДИНИЦА КАВАДАРЦИ, ИМАШЕ ОБУКА НА ПРОСТОРНИ СИЛИ ОД СТРАНА НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ВО КОЈА УЧЕСТВО ЗЕМАА НЕКОЛКУМИНА ВРАБОТЕНИ ОД ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА.





ВО СКЛОП НА ПРОЕКТОТ ЗА ПРОБИВАЊЕ, АСФАЛТИРАЊЕ И КОМПЛЕТНО НОВО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА УЛ. „ЛАЗО АСИЈАТА" ОД МУСЛИМАНСКИТЕ ГРОБИШТА ДО СПОЈ СО УЛ. „КЛИНСКА" СЕ РАБОТЕШЕ НА ПОСТАВУВАЊЕ НА ВОДОВОДНА МРЕЖА, ФЕКАЛНА И АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА НА ПОВРШИНА ОД 4800 М 2.



ПОДГОТОВКИ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КОЛЕКТОРСКИ СИСТЕМ НА УЛ. „ДИМКАТА А.ГАБЕРОТ" ОД МЕРЛИН ДО „ВИДОЕ СМИЛЕВСКИ" ВО ДОЛЖИНА ОД 560М И ДИЈАМЕТАР Ф800 .
ИЗВЕДУВАЧ Е ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

РЕКОНСТРУКЦИЈА НА О.О.У „ДИМКАТА АНГЕЛОВ ГАБЕРОТ" КАВАДАРЦИ, КОЈА ОПФАЌА ЦЕЛОСНА ПРОМЕНА НА ЕЛЕКТРИЧНАТА ИНСТАЛАЦИЈА, ПЛАФОНИ, ОБРАБОТКА НА ЅИДОВИТЕ, НОВО ОСВЕТЛУВАЊЕ, ПРОМЕНА НА СТАРИ РАДИЈАТОРИ СО НОВИ ФЕНКОЈЛЕРИ, А ИСТОВРЕМЕНО ВО УЧИЛИШНИОТ ДВОР СТАРИОТ АСФАЛТ ЌЕ СЕ ПРОМЕНИ СО НОВ. СО ОВИЕ АКТИВНОСТИ ЌЕ СЕ ПОДОБРАТ УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА ВО УЧИЛИШТЕТО И ЌЕ СЕ ОВОЗМОЖИ ПОДОБРУВАЊЕ НА ЦЕЛИОТ ВОСПИТНО- ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС.
ОВАА РЕКОНСТРУКЦИЈА Е ПО ИНИЦИЈАТИВА НА ДИРЕКТОРОТ НА УЧИЛИШТЕТО СО ПОДДРШКА ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ.





ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ТРОТОАРИ НА ЗАПАДЕН БУЛЕВАР (КОЊСКИ ДУПКИ) ОТКАКО ПРЕТХОДНО СЕ АСФАЛТИРАШЕ И БЕШЕ ПОСТАВЕНА ВОДОВОДНА ЛИНИЈА, ФЕКАЛНА И АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА.
ИЗВЕДУВАЧ Е ГРАДБА ПРОМЕТ.

ВО СКЛОП НА СПОРТСКИОТ ЦЕНТАР ЈАСМИН СЕ БЕТОНИРА ИГРАЛИШТЕ НА КОЕ ЌЕ БИДЕ ПОСТАВЕНА ГУМЕНА ПОДЛОГА И 11 ФИТНЕС СПРАВИ ОД КОИ ДЕЛ СЕ ПРИСПОСОБЕНИ И ЗА ЛИЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ.
ИЗВЕДУВАЧ Е БЕТОН ГРУП – М И М КАВАДАРЦИ.







ИНТЕНЗИВНО СЕ РАБОТИ НА УЛ. „МИТО ХАЏИВАСИЛЕВ ЈАСМИН" КАДЕ СЕ РЕКОНСТРУИРА ВОДОВОДНАТА МРЕЖА, ФЕКАЛНА И АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА И СЕ ПОСТАВУВААТ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИ ПОДЗЕМНИ КАБЛИ, ПО ШТО СЕ АСФАЛТИРАШЕ ВО ДВА СЛОЈА И СЕ ПОПЛОЧУВАА ТРОТОАРИ СО ДРВОРЕД. ИЗВЕДУВАЧ Е ЖИКОЛ.

АСФАЛТИРАЊЕ НА ЕДНА ОД УЛИЦИТЕ ВО СЕЛО СОПОТ ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2022 ГОДИНА, СО ВКУПНА ПОВРШИНА ЗА АСФАЛТИРАЊЕ ОД 1600М2. ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.
ИЗВЕДУВАЧ Е ЕВРО ГРАДБА ОД СТРУМИЦА.





ЗАМЕНА НА БЕХАТОН КОЦКИ СО БЕТОНИРАЊЕ НА КРАК ОД УЛ. „ ДИМЕ АТАНАСОВ", ОТКАКО ПРЕТХОДНО БЕШЕ ПОСТАВЕНА НОВА ВОДОВОДНА ЛИНИЈА И КАНАЛИЗАЦИЈА. СО ОВОЈ ПОТЕГ ОВАА УЛИЦА Е ЦЕЛОСНО РЕКОНСТРУИРАНА. ИНВЕСТИЦИЈА НА Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ

ПРОДОЛЖУВА ИЗГРАДБАТА НА ДЕТСКОТО ИГРАЛИШТЕ ВО ГРАДСКИ ПАРК. БЕТОНИРАЊЕ НА ПОВРШИНАТА ВРЗ КОЈА ЌЕ СЕ ЛИЕ ГУМЕНА ПОДЛОГА, ПО ШТО СЛЕДУВА МОНТИРАЊЕ НА РЕКВИЗИТИТЕ.
ИЗВЕДУВАЧ Е БЕТОН ГРУП М И М





НА УЛ. „ЛАЗО АСИЈАТА" КАДЕ ШТО ВО ТЕК Е ИЗГРАДБА НА ПОТПОРНИ ЅИДОВИ ЗАРАДИ ОФОРМУВАЊЕ НА ПАТОТ И ПАРАЛЕЛНО СЕ ОДВИВА ПОСТАВУВАЊЕТО НА НОВА ВОДОВОДНА ЛИНИЈА, ФЕКАЛНА И АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА.
ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ИЗНОС ОД 22.000.000 ДЕНАРИ.

АСФАЛТИРАЊЕ И ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ТРОТАРИ НА КРАК ОД УЛ. „КРСТЕ МИСИРКОВ" НА ПОВРШИНА ОД 300М2, ПО ПРЕТХОДНО ПРОМЕНАТА ВОДОВОДНА ЛИНИЈА ОД СТРАНА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ.
ИЗВЕДУВАЧ Е ГРАДБА ПРОМЕТ.





# ЛИЧНОСТ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ Е ПРОГЛАСЕН ЗА ЛИЧНОСТ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА ВО ОБЛАСТА НА ЕКОНОМИЈАТА И ЕВРОПЕИЗАЦИЈАТА НА БАЛКАНОТ. ДЕНЕСКА И ОФИЦИЈАЛНО МУ БЕШЕ ВРАЧЕНО ОВА ПРИЗНАНИЕ, КОЕ ГО ДОБИ ЗА 2022 ГОДИНА ОД ФИЛМСКИОТ ФЕСТИВАЛ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА.



НАГРАДАТА ДОАЃА ОД МЕЃУНАРОДНИОТ ФИЛМСКИ ФЕСТИВАЛ ВО КОЈ СЕ ВКЛУЧЕНИ 15 ЕВРОПСКИ ДРЖАВИ, А ОД МИНАТАТА ГОДИНА ЗА ПРВПАТ СЕ ОДРЖА И ВО ВАШИНГТОН, САД, ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА НЕКОЛКУ ИНТЕРНАЦИОНАЛНИ УНИВЕРЗИТЕТИ.



ГРАДОНАЧАЛНИКОТ Е ГОРД ШТО СО НАГРАДАТА Е РАМО ДО РАМО СО НАЈУСПЕШНИТЕ ОД РЕГИОНОТ - АКТЕРИ, КУЛТУРНИ РАБОТНИЦИ, ИСТАКНАТИ ЛИЧНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА ЕКОНОМИЈАТА.

НОСИТЕЛ НА НАГРАДАТА ЕУРОПА ПРИМА Е СРПСКИОТ РЕЖИСЕР ДРАГАН БЈЕЛОГРЛИЌ, КОЈ НЕ УДОСТОИ СО СВОЕТО ПРИСУСТВО И БЕШЕ ГОСТИН ВО КАВАДАРЦИ НА ПОКАНА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ.

# ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА Р. ГЕРМАНИЈА ВО КАВАДАРЦИ

КАВАДАРЦИ МУ ПОСАКА ТОПЛО ДОБРЕДОЈДЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЈУЗНА РЕПУБЛИКА ГЕРМАНИЈА, ФРАНК-ВАЛТЕР ШТАЈНМАЕР.
ОВА Е ПРВПАТ ВИСОК ДРЖАВНИК ОД РЕПУБЛИКА ГЕРМАНИЈА ДА ГО ПОСЕТИ КАВАДАРЦИ.
ПОСЕТАТА СЕ ДОЛЖИ КАКО РЕЗУЛТАТ НА ГЕРМАНСКИТЕ ИНВЕСТИЦИИ ВО НАШИОТ ГРАД.

ПРИ ПОСЕТАТА НА ГЕРМАНСКИОТ ПРЕТСЕДАТЕЛ ШТАЈНМАЕР НА КАВАДАРЦИ БЕШЕ ОСТВАРЕНА СРЕДБА И СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ. РАЗГОВАРАА НА ПОВЕЌЕ ТЕМИ, ПРИ ШТО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ КАКО ЗНАК НА ДОБРЕДОЈДЕ МУ ПОДАРИ ФИЛИГРАН СО СИМБОЛОТ НА ВЕЧНОСТА, ДОДЕКА ОД КОМПАНИЈАТА КОЖУВЧАНКА ДОБИ ФИЛИГРАН СО ЛОГОТО НА СИНАЛКО, БИДЕЈЌИ ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ПОТЕКНУВАЛ ТОКМУ ОД МЕСТОТО КАДЕ ШТО СЕ НАОЃА И ФАБРИКАТА НА СИНАЛКО ВО ГЕРМАНИЈА.



# ТИКВЕШКИ ГРОЗДОБЕР

НАЈПРВО САКАМ ДА ГО ИЗРАЗАМ МОЕТО ЗАДОВОЛСТВО ШТО ПО 2 ГОДИНИ, ЈА ПРОДОЛЖИВМЕ ВЕКОВНАТА ТРАДИЦИЈА, МАНИФЕСТАЦИЈАТА ТИКВЕШКИ ГРОЗДОБЕР.

ИАКО НИЗ ГОДИНИТЕ ОВАА МАНИФЕСТАЦИЈА ПРЕТРПЕЛА БРОЈНИ ПРОМЕНИ, ИМАЛО ГОДИНИ И КОГА НЕ СЕ ОДРЖУВАЛА, НЕКОГАШ ВАЖЕЛА И ЗА ЕДНА ОД НАЈПОЗНАТИТЕ И НАЈПОСЕТЕНИТЕ МАНИФЕСТАЦИИ НА БАЛКАНОТ, СМЕТАМ ДЕКА КАКО БЕЛЕГ НА ГРАДОТ КАВАДАРЦИ И ТИКВЕШИЈАТА ЗАСЛУЖУВА ДА ЖИВЕЕ, А НИЕ ДА НАПРАВИМЕ СЕ ШТО ТРЕБА, НЕ САМО ДА ЈА ОДРЖУВАМЕ, ТУКУ ДА ЈА ЗБОГАТУВАМЕ И СЛАВИМЕ, А ЗОШТО И ДА НЕ ЈА НАПРАВИМЕ ПОВТОРНО НАЈПОЗНАТА И НАЈПОСЕТЕНА НА БАЛКАНОТ.

СМЕТАМ ДЕКА ОВАА ГОДИНА УСПЕАВМЕ, АКО НИШТО ДРУГО БАРЕМ ДА НАЛИКУВА НА МАНИФЕСТАЦИЈА КОЈА ЈА ПАМЕТАТ БРОЈНИ ГЕНЕРАЦИИ НИЗ ГОДИНИТЕ, НЕ САМО СО СОДРЖИНИТЕ КОИ ГИ ИМАВМЕ, ТУКУ И БРОЈОТ НА ПОСЕТИТЕЛИ.

ОВА СЕКАКО НЕМАШЕ ДА БИДЕ МОЖНО БЕЗ СИТЕ ОНИЕ КОИ СЕ ВКЛУЧИЈА ВО ОРГАНИЗАЦИЈАТА И НА КОИ ИМ БЛАГОДАРАМ. ТУКА, ПРВО МИСЛАМ НА СИТЕ СЛУЖБИ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И СИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВКЛУЧЕНИ ВО ТЕКОТ НА СИТЕ ТРИ ДЕНА. ПОТОА НА СИТЕ ПОМАГАТЕЛИ, ПОДДРЖУВАЧИ И ДОНАТОРИ ОД БИЗНИС СЕКТОРОТ. ВИНАРИИТЕ И УГОСТИТЕЛИТЕ КОИ СЕ ВСУШНОСТ И НОСИТЕЛИ НА ОВОЈ НАСТАН, ВАМ МЕДИУМИТЕ КОИ ГО СЛЕДЕВТЕ СЕКОЕ СЛУЧУВАЊЕ, СЕКОЈ НАСТАН И ИНФОРМИРАВТЕ ЗА ТОА, И СЕКАКО, НАЈГОЛЕМА БЛАГОДАРНОСТ НА КАВАДАРЧАНИ КОИ КАКО И СЕКОГАШ СЕ ПОКАЖАА НЕ САМО КАКО ДОБРИ ДОМАЌИНИ, ТУКУ И УЧЕСНИЦИ, И СЕКАКО БЛАГОДАРНОСТ ДО СИТЕ ПОСЕТИТЕЛИ И ГОСТИ ОД МАКЕДОНИЈА И НАДВОР ОД НЕА, КОИ ИЗМИНАТИОТ ВИКЕНД ГО ПОМИНАА ВО КАВАДАРЦИ.

ЗА МЕНЕ НАЈВАЖНО БЕШЕ ТОА ШТО СИТЕ ТРИ ДЕНА БЕШЕ БЕЗБЕДНО ЗА СЕКОЈ И СЕКАДЕ И ШТО ВЕРУВАМ ДЕКА ИЗМИНАТИОТ ВИКЕНД СИТЕ ЌЕ ГО ПОМНАТ ПО ДОБРО.

КОГА СТАНУВА ЗБОР ЗА БРОЈОТ НА ПОСЕТИТЕЛИ, НЕОФИЦИЈАЛНО, ЗА СИТЕ ТРИ ДЕНА ИМАВМЕ НАД 70 000 ПОСЕТИТЕЛИ ИЛИ ПОВЕЌЕ ОД ПРЕТХОДНИТЕ ГОДИНИ. ОВА ЗНАЧИ ДЕКА ПОЛЕКА, НО СИГУРНО ГО ВРАЌАМЕ СЈАЈОТ НА ТИКВЕШКИОТ ГРОЗДОБЕР, А ГИ ЗГОЛЕМУВАМЕ И КОЛИЧИНИТЕ НА ИСПИЕНО ВИНО, КОИ СПОРЕД УГОСТИТЕЛСКИТЕ ОБЈЕКТИ И ВИНАРИИТЕ НАДМИНУВААТ 25 ТОНИ, БЕЛО И ЦРВЕНО ВИНО ОД ТИКВЕШКИОТ КРАЈ.

ИМАВМЕ УСПЕШНИ И ИСПОЛНЕТИ ТРИ ДЕНА, КУЛТУРНИ, ЗАБАВНИ, МУЗИЧКИ СОДРЖИНИ. ИМАВМЕ ПРОГРАМА ЗА СЕЧИЈ ВКУС. УСПЕШЕН КАРНЕВАЛ, ГОСТИ И ДЕЛЕГАЦИИ ОД СЕКАДЕ, И СЕКАКО ОД ДРЖАВНИОТ ВРВ. ДА НЕ ЗВУЧАМ НЕСКРОМНО. ИМАВМЕ УСПЕШЕН ТИКВЕШКИ ГРОЗДОБЕР.

ЗАТОА ВО ЗНАК НА ПОЧИТ И БЛАГОДАРНОСТ, БИ САКАЛ НА СИТЕ КОИ ИМАА БИЛО КАКОВ ПРИДОНЕС ВО ИСПИШУВАЊЕТО НА ОВАА ПРИКАЗНА ПОД ОТВОРЕНО НЕБО, ДА ИМ ДОДЕЛИМЕ БЛАГОДАРНИЦИ! И СЕКАКО СЕКОЕ ДОБРО ДО СЛЕДНИОТ ТИКВЕШКИ ГРОЗДОБЕР. НЕКА НИ Е ЗА МНОГУ ГОДИНИ!





TINEX






# НАСТАН

СВЕЧЕНАТА СЕДНИЦА ПО ПОВОД ПРАЗНИКОТ 7 - МИ СЕПТЕМВРИ, 78 ГОДИНИ ОД ОСЛОБОДУВАЊЕТО НА ГРАДОТ КАВАДАРЦИ, ПЕТМИНА НАШИ СОГРАЃАНИ СЕ ЗАКИТИЈА СО НАЈВИСОКОТО ОПШТИНСКО ПРИЗНАНИЕ НАГРАДАТА 7-МИ СЕПТЕМВРИ. ВЕРУВАМЕ ДЕКА ЗА ДОБИТНИЦИТЕ Е ЧЕСТ И ОДГОВОРНОСТ ДА БИДАТ ПРИМЕР ЗА СИТЕ КОИ РАБОТАТ И СОЗДАВААТ ВО КАВАДАРЦИ И КОИ САКААТ ДА ГО ПРОМЕНАТ НАШИОТ ГРАД НА ПОДОБРО, СОЗДАВАЈЌИ ПОДОБРА ИДНИНА ЗА СИТЕ НАС И НАШИТЕ ДЕЦА.





ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЈА ПОСЕТИ АМБАСАДОРОТ НА РЕПУБЛИКА ФРАНЦИЈА ВО МАКЕДОНИЈА, Г-ДИН СИРИЛ БОМГАРТНЕР. НА СРЕДБАТА СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ СЕ РАЗГОВАРАШЕ ЗА АКТУЕЛНАТА ПОЛИТИЧКА СОСТОЈБА ВО МАКЕДОНИЈА, КАКО И ЗА ПРОЦЕСОТ НА ПРИСТАПУВАЊЕ И ПРИБЛИЖУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА КОН ЕВРОПСКАТА УНИЈА.

ПО СРЕДБАТА АМБАСАДОРОТ И ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ГИ ПОСЕТИЈА С.О.У ГИМНАЗИЈА „ДОБРИ ДАСКАЛОВ" И О.О.У „ТОДЕ ХАЏИ ТЕФОВ" КАВАДАРЦИ, ЗА АМБАСАДОРОТ ДА СЕ ЗАПОЗНАЕ СО ПРАКСАТА НА ИЗУЧУВАЊЕ НА ФРАНЦУСКИОТ ЈАЗИК КАКО И ДА СЕ РАЗГЛЕДА МОЖНОСТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ФРАНЦУСКИ ПАРАЛЕЛКИ ВО ОСНОВНОТО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ.





# НАСТАН

ВО ПОСЕТА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И НА СРЕДБА СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ, БЕШЕ СЕКРЕТАРОТ ЗА ЈАВНА ДИПЛОМАТИЈА ОД УКРАИНСКАТА АМБАСАДА, ВЛАДИМИР ВЕРБИЦКИ И ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ЗДРУЖЕНИЕ НА УКРАИНЦИ ВО МАКЕДОНИЈА, АЛЕКСАНДР УРБАНОВИЧ. СПЕЦИЈАЛНО ГО ОДБРАЛЕ ОВОЈ ДЕН ВО ЧЕСТ НА ПРАЗНИКОТ НА ГРАД КАВАДАРЦИ, ДА СЕ ЗАБЛАГОДАРАТ ЗА ПОМОШНА ШТО ЈА ДОБИ УКРАИНА ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.





ПО ПОВОД ДЕТСКАТА НЕДЕЛА, ПОД МОТОТО „ДРУГАРСТВОТО Е ДЕЛ ОД ДЕТСКАТА СРЕЌА" ДЕНЕСКА ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ВО КАБИНЕТОТ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ВО ПОСЕТА БЕА УЧЕНИЦИТЕ И ОД ТРЕТО, ЧЕТВРТО И ПЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ ПРИ О.О.У „СТРАШО ПИНЏУР" КАВАДАРЦИ, ПРИДРУЖУВАНИ ОД ДЕЛ ОД НАСТАВНИОТ КАДАР.
ТИЕ СЕ ЗАПОЗНАА СО КАБИНЕТОТ, РАБОТАТА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ И ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА. ВО РАМКИТЕ НА ОВАА НЕДЕЛА СЕКОЈ ДЕН ИМА АКТИВНОСТИ ПРОСЛЕДЕНИ СО ХУМАНИТАРНИ АКЦИИ, МУЗИЧКИ ТОЧКИ, СПОРТ И ДРУЖЕЊЕ.





# НАСТАН

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ Е ДОМАЌИН НА ГАСТРОНОМСКИ НАСТАН НА КОЈ УПОТРЕБАТА НА ЛОКАЛНИТЕ ПРОИЗВОДИ ВО ГАСТРОНОМИЈАТА, ЌЕ БИДАТ ПОТЕНЦИЈАЛ ЗА РАЗВОЈ НА ГАСТРОНОМСКО - ВИНСКИ ТУРИЗАМ ВО НАШИОТ ГРАД.
ЗА КАВАДАРЧАНИ, НО И ЗА СИТЕ ПОСЕТИТЕЛИ, УТРЕ ОД 9 ЧАСОТ ВО РЕСТОРАН МОКЛИШТЕ ЦЕЛ ДЕН ЌЕ ГОТВАТ ОВИЕ БАЛКАНСКИ ВЕЛИКАНИ ОД ПОРАНЕШНИТЕ ЈУ ПРОСТОРИ.





ВО АНТАЛИЈА, РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА ДЕЛЕГАЦИЈАТА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПОТПИША ДЕКЛАРАЦИЈА ЗАЕДНО СО 52 ГРАДОВИ, ОД 27 ДРЖАВИ ОД ТРИ КОНТИНЕНТИ, ВО КОЈА ЗАЕДНИЧКИ СЕ ЗАЛОЖИЈА ЗА ПОДДРШКА НА ОДРЖЛИВИОТ РАЗВОЈ ПРЕКУ ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ОБНОВЛИВИТЕ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА. СЕ ОЧЕКУВА ОСТВАРЕНИТЕ КОНТАКТИ ДА ЈА ЗБОГАТАТ МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, СО ЗАЕДНИЧКИ ПАРТНЕРСКИ АПЛИКАЦИИ.




ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ЗАЕДНО СО СЛУЖБИ ОД ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА, ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ЈП КОМУНАЛЕЦ И МОЈ ОПШТИНАР, ИМАШЕ ПРИЕМЕН ДЕН ЗА ГРАЃАНИТЕ. СО ОКОЛУ ДВЕСТЕ И ПЕДЕСЕТ ОД НИВ СЕ РАЗГОВАРА ЗА НИВНИТЕ ПРОБЛЕМИ, НО И ПРЕДЛОЗИ, СУГЕСТИИ И ЗАБЕЛЕШКИ ВО ДЕЛОТ НА УРБАНИЗМОТ, КОМУНАЛНАТА ИЗГРАДБА, КАКО И НА ДРУГИ ТЕМИ.



# НАСТАН

ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ЈА ПРИМИ ДЕЛЕГАЦИЈАТА НА УКРАИНА ПРЕДВОДЕНА ОД АМБАСАДОРКАТА НА УКРАИНА ВО МАКЕДОНИЈА Н.Е ЛАРИСА ДИР, КОЈА БЕШЕ ВО ОФИЦИЈАЛНА ПОСЕТА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ. МЕЃУ ПРИСУТНИТЕ БЕА ЗАМЕНИК ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА БУЧА Г-ДИН ШЕПЕТКО СЕРХИ, СЕКРЕТАРОТ ЗА ЈАВНА ДИПЛОМАТИЈА ОД УКРАИНСКАТА АМБАСАДА ВЛАДИМИР ВЕРБИЦКИ, РАКОВОДИТЕЛОТ НА ОДДЕЛ ЗА КУЛТУРА, НАЦИОНАЛНОСТИ И РЕЛИГИИ НА ГРАДСКИОТ СОВЕТ НА БУЧА Г-ДИН ВИТАЛИИ ТОМНИУК И ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА УКРАИНЦИ ВО МАКЕДОНИЈА АЛЕКСАНДАР УРБАНОВИЧ.

ВО РАМКИТЕ НА ПОСЕТАТА, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПОТПИША ОФИЦИЈАЛЕН ДОГОВОР ЗА ЗБРАТИМУВАЊЕ СО ОПШТИНА БУЧА, УКРАИНА.

СРЕДБАТА ПОКРАЈ ОВА БЕШЕ ИСКОРИСТЕНА И ЗА РАЗМЕНА НА ИНФОРМАЦИИ ЗА МОЖНОСТИТЕ ЗА ПОНАТАМОШНА СОРАБОТКА НА РАЗЛИЧНИ ПОЛИЊА НА ДЕЛУВАЊЕ НА ОПШТИНАТА, КАКО КУЛТУРА, СПОРТ, БИЗНИС И ЗАЕДНИЧКО АПЛИЦИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ, ПОМЕЃУ ГРАДОНАЧАЛНИЦИТЕ НА ДВЕТЕ ОПШТИНИ.



ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СЕ ОДРЖА ЈАВНА РАСПРАВА, НАЦРТ ПЛАН ЗА АМБИЕНТНИОТ ВОЗДУХ ИЗГОТВЕН ОД ТЕХНО ЛАБ ВО СОРАБОТКА СО ОПШТИНАТА, ЗА КОЈ СРЕДСТВАТА СЕ ОБЕЗБЕДЕНИ ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА.



НА ИСТАТА ПРИСУСТВУВАА СОВЕТНИЦИ ОД СОВЕТОТ, НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ, ПРЕТСТАВНИК ОД ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРЕТСТАВНИЦИ ОД НАШАТА ОПШТИНА, А ПРЕЗЕНТАЦИЈАТА БЕШЕ ИЗГОТВЕНА И ОБРАЗЛОЖЕНА ОД ИНСПЕКТОР ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА ДОНЕ ИЛОВ И СОВЕТНИКОТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА, ЗОРАН МЛАДЕНОВСКИ.

ПЛАНОТ ЗА КВАЛИТЕТОТ НА АМБИЕНТНИОТ ВОЗДУХ СЕ ИЗРАБОТУВА СЕ СО ЦЕЛ УТВРДУВАЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ И ДЕФИНИРАЊЕ НА МЕРКИТЕ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ИСТИОТ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.

ВО КАБИНЕТОТ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ БЕА ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ТИКВЕШ РАЈДЕРС КАВАДАРЦИ, КОИ ПРИТОА МУ ДОДЕЛИЈА БЛАГОДАРНИЦА И ПОДАРОК ПО ПОВОД НЕГОВИОТ РОДЕНДЕН.



# НАСТАН

ВО ПОСЕТА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И НА СРЕДБА СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ Е Н.Е Г-ДИН МИЛАН ПРЕДАН, ВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА РЕПУБЛИКА СЛОВЕНИЈА ВО МАКЕДОНИЈА

НА СРЕДБАТА СЕ РАЗГОВАРАШЕ ЗА ДОСЕГАШНАТА И ИДНА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ДВЕТЕ ЗЕМЈИ, АКТУЕЛНИТЕ ПРОЕКТИ ЗА КАВАДАРЦИ КОИ СЕ ОЧЕКУВА ДА СЕ ФИНАНСИРААТ СО ПОДДРШКА НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЛОВЕНИЈА ПРЕКУ ЦЕНТАРОТ ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА НА СЛОВЕНИЈА И АМБАСАДАТА, КАКО И ЗА ДРУГИ ТЕМИ КОИ ЈА ЗАСЕГААТ АКТУЕЛНАТА ПОЛИТИЧКА СОСТОЈБА ВО ДРЖАВАТА, КАКО И СОСТОЈБАТА СО ЕНЕРГЕТСКАТА КРИЗА.



ПО ПОВОД 77 ГОДИНИ ОД ПОСТОЕЊЕТО НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ, ВО ПОСЕТА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И КАБИНЕТОТ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ БЕШЕ Г-ЃА РОСАНА ДУЏАК, ПОСТОЈАН КООРДИНАТОР НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИИ ВО МАКЕДОНИЈА.

НА СРЕДБАТА СЕ РАЗГОВАРАШЕ ЗА УЛОГАТА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ИНПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА МИЛЕНИУМСКИТЕ ЦЕЛИ КОИ ШТО СЕ ОПРЕДЕЛЕНИ ОД ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ, И КАКО, НАШАТА ОПШТИНА СИТЕ СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ И ПРОГРАМИ КОИ ШТО ГИ ДОНЕСУВА И РЕАЛИЗИРА ОДАТ ВО НАСОКА НА ПРИДОНЕС КОН РЕШАВАЊЕТО НА МИЛЕНИУМСКИТЕ ЦЕЛИ.

ПО ОВАА СРЕДБА АМБАСАДОРКАТА И ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ЌЕ ПРИСУСТВУВААТ ВО ДОМ НА КУЛТУРА КАВАДАРЦИ, НА ИНТЕРАКТИВНА КОМУНИКАЦИЈА СО ПРЕТСТАВНИЦИ ОД НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И ЛОКАЛНИТЕ ИНСТИТУЦИИ НА КОЈА ЌЕ ДИСКУТИРААТ ЗА АКТУЕЛНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ ВО РАЗВОЈОТ НА ОВИЕ ЦЕЛИ.



# СООПШТЕНИЕ

ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ БАРАЊА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ФОТОНАПОНСКИ ПАНЕЛИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ КОИ СЕ ПОСТАВУВААТ НА ОБЈЕКТИ ИМААТ ПОДНЕСЕНО ВКУПНО 56 ЛИЦА ОД КОИ, 52 СЕ ПРАВНИ ЛИЦА, А 4 СЕ ФИЗИЧКИ. ЗА ИСТИТЕ БАРАЊА Е ОДЛУЧЕНО СО РЕШЕНИЕ ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ. ВО ПРОЦЕС НА ИЗДАВАЊЕ НА РЕШЕНИЈА СЕ УШТЕ 9 БАРАЊЕ ОД КОИ 7 СЕ ПОДНЕСЕНИ ОД ПРАВНИ ЛИЦА, А 2 ОД ФИЗИЧКИ ЛИЦА.
ВКУПНАТА ИНСТАЛИРАНА МОЌНОСТ ЗА СИТЕ ОДОБРЕНИ БАРАЊА И ОНИ КОИ СЕ ВО ПРОЦЕС ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ФОТОНАПОНСКИ ПАНЕЛИ ИЗНЕСУВА 17,7 MW.
ИСТО ТАКА БАРАЊА ЗА ИЗГРАДБА НА ФОТОНАПОНСКИ ПАНЕЛИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ КОИ СЕ ГРАДАТ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ИМААТ ПОДНЕСЕНО ВКУПНО 9 БАРАТЕЛИ- СИТЕ ПРАВНИ ЛИЦА, А ВО ПРОЦЕС СЕ УШТЕ ДВЕ БАРАЊА ПОДНЕСЕНИ ОД СТРАНА НА ПРАВНИ ЛИЦА. ВКУПНАТА ИНСТАЛИРАНА МОЌНОСТ НА ФОТОНАПОНСКИТЕ ЦЕНТРАЛИ ЗА КОИ СЕ ИЗДАДЕНИ ОДОБРЕНИЈАТА ЗА ГРАДЕЊЕ ИЛИ Е ВО ТЕК ПОСТАПКАТА ПО ИСТИТЕ, ИЗНЕСУВА 16,1 MW.
ОВАА БРОЈКА Е ЈАСЕН ПОКАЗАТЕЛ ДЕКА КАВАДАРЦИ БРЗО И СИГУРНО СТАНУВА „ЗЕЛЕН ГРАД" КОЈ СЕ ПОВЕЌЕ ПРЕМИНУВА ВО КОРИСТЕЊЕ НА СОНЧЕВАТА ЕНЕРГИЈА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЗА ДОМАЌИНСКАТА И ИНДУСТРИЈАТА.

Општинско јавно гласило
**КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**
**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа
**Уредник:** Лилјана Митрова

**Печати:** печатница Графо Пром Битола
**Насловна фотографија:** Тони Јошески
Тираж 300 броја
**Бесплатен примерок**

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
**kavadarci.gov.mk**